**20192774388**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА КОНКУРЕНТНОСТ, ИНОВАЦИИ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО ЗА 2020 ГОДИНА**

I

Со оваа програма се уредува намената на средствата за конкурентност, иновации и претприемништво во вкупен износ од 47.940.000,00 (четириесет и седум милиони и деветстотини и четириесет илјади ) денари и тоа :

- 34.740.000,00 (триесет и четири милиони и седумстотини и четириесет илјади) денари, обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, - Потпрограма ДГ – Поддршка на развојот на мали и средни претпријатија, ставки 425, 462, 463 и 464, наменети за развој на микро, мали и средни претпријатија ( во понатамошниот текст ММСП ) и занаетчиство;
- 7.200.000,00 (седум милиони и двеста илјади) денари, обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, – Потпрограма 11 – Индустриска политика, сметка 637, ставки 425 и 462, наменети за имплементација на мерки од Индустриската стратегија на Република Северна Македонија 2018-2027 и
- 5.000.000,00 (пет милиони) денари, обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, – Потпрограма 11 – Индустриска политика, сметка 637, ставка 464, наменети за поддршка и развој на кластерското здружување во Република Северна Македонија.
- 1.000.000,00 (еден милион) денари, обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, –Потпрограма 16 –Инвестиции и општествена одговорност, ставка 462 субвенции за приватни претпријатија.

Средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година наменети за реализација на оваа програма, ги распоредува Министерството за економија.

II

Програмата се состои од мерки во следните области:

А. ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА МИКРО, МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ЗАНАЕТЧИСТВО

За поддршка и развој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиство и поттикнување на претприемништвото се наменети средства во износ од 34.740.000,00 (триесет и четири милиони и седумстотини и четириесет илјади) денари за реализација на следните четири групи на мерки:

**МЕРКА 1. Мерки за развој и поддршка на претприемништвото и ММСП**

**1.1. Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија во вкупен износ од 14.000.000,00 денари.**

Предмет на мерката е субвенционирање на микро, мали и средни претпријатија, кои вработуваат над три лица преку субвенционирање на 50% од докажаните трошоци, но не повеќе од 300.000,00 денари вкупно по апликант, направени за набавка на опрема и алати;

**1.2 Финансиска поддршка за подобрување на вредносните синџири во вкупен износ од 1.500.000,00 денари.**

Предмет на мерката е надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за инвестиција во опрема и алати наменета за нивните локални добавувачи со кои ќе им се подобри продуктивноста и тоа преку кофинансирање на 50% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 200.000,00 денари поединечно за секој апликант.

**1.3. Кофинансирање на фаб-лабови во вкупен износ од 1.500.000,00 денари.**

Предмет на мерката е кофинансирање на трошоци на компании специјализирани за научно-истражувачки дејности кои се однесуваат на воспоставување на Фаб Лабови или т.н. Лабаратории за фабрикување.

**1.4. Финансиска поддршка за женско претприемништво во вкупен износ од 1.500.000,00 денари.**

Предмет на мерката е субвенционирање на претпријатија во сопственост на жени (над 50%) и управувани од жени, преку кофинансирање на 50% од докажаните трошоци но не повеќе од 120.000,00 денари, направени за следните намени:

- Набавка на опрема и алати;
- Уредување/подобрување на деловниот простор;
- Воведување на софтверски решенија (50% од докажаните трошоци, но не повеќе од 60.000,00 денари).

**1.5. Кофинансирање на проекти за развој и поддршка на ММСП и промоција на претприемништвото во Република Северна Македонија во износ од 3.000.000,00 денари.**

Предмет на мерката е кофинансирање на проекти на фондации и здруженија на граѓани кои се однесуваат на развој и поддршка на ММСП, како и проекти за промоција на претприемништвото во Република Северна Македонија, преку надоместување на 75% од трошоците за реализација на проектот но не повеќе од 300.000,00 денари по апликант.

**МЕРКА 2. Мерки за развој и поддршка на интернационализацијата на ММСП**

**2.1. Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за сертификација на системи за квалитет според ISO стандарди во вкупен износ од 1.500.000,00 денари.**

Предмет на мерката е надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за сертификација на системи за квалитет според ISO стандарди и тоа 50% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 100.000,00 денари поединечно за секој апликант. Предмет на субвенционирање се сите ISO стандарди освен оние кои се предмет на субвенционирање во делот Б -Имплементација на индустриската политика, од оваа програма.

**2.2. Финансиска поддршка за сертифицирање на ХАЛАЛ систем во вкупен износ од 1.000.000,00 денари.**

Предмет на мерката е финансиска поддршка за сертифицирање на ХАЛАЛ систем, и тоа 50% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 200.000,00 денари поединечно за секој апликант.

**2.3. Финансиска поддршка на ММСП за учество на домашни и меѓународни саеми во вкупен износ од 1.500.000,00 денари.**

Предмет на мерката е финансиска поддршка за ММСП за учество на домашни и меѓународни саеми преку кофинансирање на 50% од докажаните трошоци за закуп на штанд и тоа:

- за учество на домашни саеми (50% од докажаните трошоци, но не повеќе од 50.000,00 денари );
- за учество на меѓународни саеми, (50% од докажаните трошоци, но не повеќе од 100.000,00 денари).

**МЕРКА 3. Мерки за развој и поддршка на занаетчиството**

**3.1. Кофинансирање на проекти на занаетчиските комори за развој и промоција на занаетчиството во Република Северна Македонија во износ од 1.740.000,00 денари.**

Предмет на мерката е кофинансирање на проекти на занаетчиските комори кои се однесуваат на развој и промоција на занаетчиството во Република Северна Македонија преку надоместување на 75% од трошоците за реализација на проектот, но не повеќе од 250.000,00 денари по апликант.

**3.2. Субвенционирање на трошоци за ангажирање на чираци во износ од 300.000,00 денари.**

Предмет на мерката е субвенционирање на трошоци за ангажирање на чираци од страна на вршители на занаетчиска дејност преку субвенционирање на 75% од докажаните трошоци исплатени како надоместок за ангажирање на чирак, но не повеќе од 30.000,00 денари по апликант.

**3.3. Субвенционирање на трошоци на занаетчии во износ од 4.500.000,00 денари**.

Предмет на мерката е субвенционирање на занаетчии и вршители на занаетчиска дејност преку кофинансирање 50% од докажаните трошоци, но не повеќе од 180.000,00 денари, направени за следните намени.

- Набавка на опрема и алати,
- Уредување/подобрување на деловниот простор

**МЕРКА 4. Мерки за поддршка за стручно оспособување на вработените во ММСП**

**4.1. Кофинансирање на дел од трошоците на претпријатија за купување на опрема, инструменти, алат кои ќе послужат и ќе се користат исклучиво за обука, настава на лица за стекнување на вештини и квалификации во вкупен износ од 1.500.000,00 денари.**

Предмет на мерката е кофинансирање на дел од трошоците на приватни претпријатија акредититирани од страна на Центарот за едукација на возрасни за организирање на обуки и настава за дел од трошоците за купување на опрема, инструменти, алат кои ќе послужат и ќе се користат исклучиво за обука, настава на лица за стекнување на вештини и квалификации и тоа 50% од докажаните средства но не повеќе од 250.000,00 денари поединечно по апликант.

**4.2. Кофинансирање на дел од трошоците за едукација на вработените лица во ММСП во вкупен износ од 200.000,00 денари.**

Предмет на мерката е кофинансирање на дел од трошоците за едукација на вработените лица во ММСП за учество на обуки организирани од верифицирани установи и институции акредититирани од страна на Центарот за едукација на возрасни. Обуките треба да придонесат за подобрување на стручноста на вработените, за професионална надградба и за развој на претпријатието. Со оваа мерка ќе се кофинансираат трошоци во висина од 50% од докажаните трошоци, но не повеќе од 20.000,00 по апликант.

**МЕРКА 5. Студија за предлог-оддржлив модел за услуги за деловен развој за ММСП во вкупен износ од 1.000.000,00 денари.**

Предмет на мерката е спроведување на јавна набавка за изработка на Студија за предлог-оддржлив модел за услуги за деловен развој на ММСП.

Постапката и критериумите за доделувањето на средства од мерките 1, 2, 3 и 4 од оваа област ќе биде дефинирана во јавни повици, упатства и насоки кои ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk и порталот www.konkurentnost.mk, а мерката 5 ќе биде реализирана преку спроведување на постапка за Јавна набавка.

При спроведување на мерките 1.1, 1.2, 2.1, 2.2, 2.3, 3.3, 4.1 и 4.2 од оваа Програма, при доделувањето на средствата ќе биде применет стимулативен критериум доколку апликант е деловен субјект во сопственост и управуван од жена.

## Б. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ИНДУСТРИСКАТА ПОЛИТИКА

За мерките од областа Б. Имплементација на индустриската политика се наменети средства во вкупен износ од 7.200.000,00 денари и тоа за:

МЕРКА 1. Поддршка за зголемување на конкурентноста на деловните субјекти од преработувачка индустрија во вкупен износ од 4.500.000,00 денари преку следните мерки:

1.1 Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за развој на деловниот субјект, развој на производ и развој на пазар во вкупен износ од 4.500.000,00 денари.

Предмет на мерката е надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти и тоа во износ од 75 % од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 300.000,00 денари поединечно за секој деловен субјект – барател на средствата за следните активности:

**1.1.1 Изработка на техничка документација за нов производ** односно за подобрување на постојниот производ и/или изработка на индустриски дизајн /редизајн на производ;

**1.1.2 Изработка на студии за истражување на пазарот и/или маркетинг стратегија и/или активности за развој на бренд;**

**1.1.3 Набавка, имплементација, сертификација и обука за стандарди во областа на: хоризонтални стандарди** (МКС EN ISO 50001; МКС EN ISO 14001; МКС EN ISO 45001; МКС EN ISO 31000); **хармонизирани и други стандарди и стандардизациски документи** од областа на преработувачката индустрија;

**1.1.4 Експертска поддршка во развивање/имплементација на проект за оптимизација на производството** преку воведување нови бизнис модели со напредни производни и менаџерски филозофии во насока на унапредување на продуктивноста и квалитетот и намалување на трошоците (Lean менаџмент, КАИЗЕН, итн.);

**1.1.5 Развивање и имплементација на проекти за дигитална трансформација на претпријатијата од преработувачка индустрија:** набавка на дигитални решенија за поддршка на бизнисот и производството (пр. набавка на систем за Enterprise Resource Planning (ERP), Customer Relationship Management (CRM), систем за компјутерска безбедност, дигитализација во производството и сл.), веб портал, дигитален маркетинг, развој на дигитална култура и стекнување нови дигитални вештини.

**1.1.6 Кофинансирање на дел од трошоците за соработка меѓу компаниите и универзитетите** (соработка и користење на лабораториите при универзитетите, истражувачките центри и сл.);

**1.1.7 Експертска анализа и изработка на техничка–проектна документација или студија за техничка изводливост за:** планирани инвестициони проекти, подготовка на претпријатието за **зголемување на енергетска ефикасност, воведување на концепт на циркуларна економија** (внатрешен систем за управување со отпад и систем за заштита на животна средина, зелена економија и сл.),

**1.1.8 Изработка на проектна документација за поставување на фотонапонски панели за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија.**

Финансиската поддршка е наменета за деловните субјекти од секторот Преработувачка индустрија, согласно Националната класификација на дејностите – НКД рев. 2.

МЕРКА 2. Кофинансирање за организирање на специјализирани обуки - длабински и детални технолошки обуки за преработувачка индустрија во вкупен износ од 1.200.000,00 денари.

Предмет на мерката е кофинансирање за организирање на обуки и тоа:

2.1. Кофинансирање за организирање на специјализирани обуки - длабински и детални технолошки обуки во следните сектори: автомобилска, текстилна, прехрамбена и металопреработувачка индустрија;

2.2. Кофинансирање за организирање на струково специјализирани обуки во кожарската и чевларската индустрија;

2.3. Кофинансирање за организирање на обуки за воведување на концептот на “зазеленување “ во повеќе избрани сектори од преработувачката индустрија и

2.4. Кофинансирање за организирање обуки за воведување на концептот на циркуларна економија во преработувачката индустрија.

За активностите од оваа мерка, делот на трошоците се надоместуваат согласно оваа програма, во висина од 75% од докажаните трошоци за организација и реализација на обуките и тоа:

- детален извештај за реализација на обуките, со индикатори за успешност врз основа на прашалник дистрибуиран до учесниците, со број на учесници и име на компании;
- соодветни докази за реализација на обуките (фактури и сл.) и детален извештај за бројот на учесници и
- името на компаниите – учесници на обуките.

МЕРКА 3: Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за акредитирање на лаборатории или проширување на опсегот на акредитација на постоечките лаборатории за испитување на градежните производи за пуштање на пазарот квалитетни и безбедни градежни материјали во вкупен износ од 1.500.000,00 денари.

Предмет на мерката е надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти и тоа во износ од 50 % од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 300.000,00 денари поединечно за секој деловен субјект – барател на средствата.

Постапката и критериумите за доделување на средства од мерките 1, 2 и 3, од оваа област ќе се изврши преку објавување на јавни повици на ВЕБ страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk и www.konkurentnost.mk.

Трошоците наменети за реализација на оваа мерка, ќе им бидат исплатени на барателите во зависност од расположливите средства од Буџетот, по редоследот на нивното пријавување во архивата на Министерството за економија.

В. ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА КЛАСТЕРСКОТО ЗДРУЖУВАЊЕ

За мерките од областа В. Поддршка и развој на кластерското здружување се наменети средства во вкупен износ од 5.000.000,00 денари и тоа за:

МЕРКА 1. Поддршка на проекти од кластерските здруженија „Кластери за иновативни и меѓународно ориентирани бизниси“, во вкупен износ од 5.000.000,00 денари кои ги вклучуваат активностите поврзани со:

- набавка на специфична опрема или технолошки решенија кои ќе се користат од членките на кластерите,
- соработка на кластерите со универзитетите и/или соработка меѓу кластерите,
- развој на бренд стратегија и развој на брендирани производи во рамките на кластерот (географско потекло),
- изработка или реализација на заеднички иновативни проекти кои се однесуваат на истражување и развој на нови или подобрени производи, процеси или услуги,
- усовршување на кластерите и нивните членки преку ангажирање консултанти, организирање на специјализирани обуки, работилници, семинари за поттикнување и размена на знаење и
- трговски и извозно промотивни активности за кластерите (организација и учество на бизнис настани – саеми, Б2Б средби, трговски и медиумски мисии итн.).

Постапката и критериумите за доделување на средства од мерка 1 од оваа област ќе се изврши преку објавување на јавен повик на ВЕБ страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk и www.konkurentnost.mk.

Кластерските здруженија може да поднесат само по едно барање за наведените активности од мерка 1 од оваа област.

За активностите од мерка 1 од оваа област, делот на трошоците за оваа намена се надоместуваат согласно оваа програма во висина од 75% од проект, но не повеќе од 1.000.000,00 денари поединечно за секој барател по апликација.

Трошоците наменети за реализација на мерката 1 од оваа област, ќе им бидат исплатени на кластерските здруженија во зависност од расположивите средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

Г. ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

МЕРКА 1. Поддршка за развивање, одржување и применување социјално прифатливи практики на деловните субјекти во вкупен износ од 1.000.000,00 денари преку:

1.1 Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за воведување и сертификација на систем за општествена одговорност на претпријатието, согласно стандардот SA 8000/ извештајот: BSCI/SMETA/FAIRWARE, кои обезбедуваат етичко управување при производство на стоки и услуги и бараат да се гарантираат основните права на работниците, во вкупен износ од 720.000,00 денари.

За активностите на оваа мерка, дел од трошоците се надоместуваат согласно оваа програма, во висина од 70% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 120.000,00 денари поединечно за секој барател на средствата.

1.2 Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за воведување и сертификација на систем за одговорни односи на пазарот, согласно сертификатот „Фер со потрошувачот", кој обезбедува систем за електронско управување со поплаки од потрошувачи и купувачи и спогодбено решавање на проблеми и спорови, во вкупен износ од 280.000,00 денари.

За активностите на оваа мерка, дел од трошоците се надоместуваат согласно оваа програма, во висина од 50% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 27.675,00 денари поединечно за секој барател на средствата.

III

При распределбата на средствата од Програмата, ќе се имаат предвид критериумите од Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за период од 2018-2023 година (Службен весник број 234 од 20.12.2018 година). Критериумите од Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за период од 2018-2023 година (Службен весник број 234 од 20.12.2018 година) ќе бидат земени во предвид при објавување на јавните повици во оние мерки од Програмата каде што тоа е применливо.

IV

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за економија.

V

Министерството за економија, заклучно со 31 март 2020 година, до Владата на Република Северна Македонија ќе достави извештај со финансиски показатели за реализација на програмата и наменско користење на средствата.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10466/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.